АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ
ул. ВАСИЛ ГЛАВИНОВ бр.7 Б/1-1; 1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
тел./факс (... 38902) 3290811 ; E-маил: conevskig@t.mk

Адвокат Гоце Цоневски; Адвокат Марија Тодоровска;
Адвокат Матија Витанова Николеска; Адвокат Рахела Цоневска Поп-Костов

Врска : ППОВ.бр.2/24

ПРЕКУ: ОСНОВЕН СУД ШТИП

ДО : АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

ТУЖИТЕЛ-ПРОТИВНИК:	Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, место на раѓање Украина на 24.03.1976 година, со живеалиште на ул.Рхеиналее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, застапуван од Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ од Скопје, Адвокат Ненад Јаниќевиќ, бул.Кочо Рацин бр.38-1/5, со тел.02/3166629, е-маил: janicevic.advokati@gmail.com, рег.ел.сандаче за е-достава со кор.име: Nenad Janikjevikj
ТУЖЕН-ПРЕДЛАГАЧ:	1.Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, ул.Ген. Михајло Апостолски бр.7-3 Штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, застапувано од Управителот Никола Љуботенски, со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1, со тел.02/3290-811, со е-маил: conevskig@t.mk, со сертификат за електронски потпис и регистриран во системот за е-достава под корисничко име Адвокат Гоце Цоневски
ОСНОВ:	Надомест на штета
ВРЕДНОСТ:	1.915.458,00 евра

ОДГОВОР НА ЖАЛБА

ОД ПРЕДЛАГАЧОТ-ТУЖЕН: Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1

Со Решение ППОВ.бр.2/24 од 28.05.2024 година, Основниот суд во Штип ГО УСВОИ Предлогот поднесен од предлагачот-туженият Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип за повторување на постапката правосилно завршена со пресуда на Основниот суд во Штип П4 бр.78/15 од 18.01.2016 год. потврдена со Пресуда на Апелациониот суд Штип ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година, ДОЗВОЛИ повторување на постапката П4 бр.78/15 водена пред Основниот суд во Штип по тужба на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва, граѓанин на Руската Федерација, против тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, за надомест на штета во износ од 1.915.458,00 евра и ГИ УКИНА Пресудата на Основниот суд во Штип П4

бр.78/15 од 18.01.2016 год. која станала правосилна на 03.06.2021 год. и Пресудата на Апелациониот суд Штип ГЖ-205/21 од 03.06.2021 година.

Незадоволен од наведеното решение, противникот-тужителот Владислав Михаилович Втулкин преку неговиот полномошник поднесе жалба против истото поради погрешна примена на материјалното-процесното право.

Во Одговор на поднесената жалба, предлагачот-туженият преку неговиот полномошник истакнува дека жалбата е потполно нејасна, неоснована, контрадикторна и изобилува со невистинити наводи, па му предлага на второстепениот суд истата да ја одбие во целост како неоснована, поради следното:

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Не се точни наводите истакнати во жалбата во однос на тоа дека наводно, не биле исполнети условите за повторување на постапката утврдени во член 392 ст.1 т.9 од ЗПП.

Единствениот основ по кој е поднесена жалбата е погрешниот став на противникот-тужителот дека **Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015** изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, **не содржи нови факти** врз основа на кои, во смисла на член 392 ст. т.9 од ЗПП, може да се бара повторување на правосилна завршена постапка.

Значи, противникот-тужителот **сега воопшто не оспорува дека Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015** изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, **е дозволен и навремен.**

Всушност, било какви приговори и забелешки во овој контекст би биле потполно депласирани, нелогични и во целост неосновани, бидејќи во обжаленото Решение судот премногу јасно, прецизно и детално ги утврдува фактите, околностите и причините поради кои смета дека Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, **навистина е дозволен и навремен, односно претставува НОВ ДОКАЗ , во смисла на одредбата од член 392 ст. т.9 од ЗПП.**

Во овој контекст, судот правилно утврдил дека овој нов доказ – Вешт наод и мислење бил изработен од страна на Биро за судски вештачења, во кривична постапка, по наредба на ОЈО Штип за потребите на предметот КО.бр.255/13, претставува нов доказ согласно член 392 ст. 1 т.9 од ЗПП, бидејќи туженият без своја вина не можел овој доказ да го изнесе пред судот во ситуација кога туженият, сега како предлагач, дознал и се стекнал со можност да му го изнесе на судот овој доказ после заклучување на главната расправа, односно по изготвување на првата донесена првостепена пресуда П4/бр/40/14 од 30.01.2015 година на Основниот суд Штип, а со изјавената жалба односно во фаза на постапката кога согласно пропишаното во член 341 од ЗПП не можат да се предлагаат нови докази. Во повторната постапка, Првостепениот суд по овој доказ воопшто не расправал во смисла ниту го одбил, ниту пак го извел во доказна постапка како доказно средство, а доказот воопшто не се споменува ниту во одлуките на Апелациониот суд и Врховниот суд - кој предметот го враќа на Апелациониот суд на повторно одлучување. За прв пат овој доказ се споменува во одлуката на Апелациониот суд во Штип ГЖ бр.205/21 од 03.06.2021 год. со која се одбива жалбата на тужените и се потврдува првостепената пресуда, со која **овој доказ не е прифатен** затоа што во жалбена постапка не можат да се изведуваат нови докази, односно истиот не е доставен во роковите утврдени во член 235 ст.1 од ЗПП (со Одговорот на тужба). Притоа, доколку доказот воопшто не бил прифатен, вон било каква логика би било секое размислување за тоа дека овој доказ бил употребен или ценет од страна на Апелациониот суд во Штип.

Дури со добивањето на Одлуката на Апелациониот суд во Штип ГЖ бр.205/21 од 03.06.2021 год. туженият дознава дека всушност овој доказ не е изведен во ниту една постапка,

па затоа стекнува право повторно да го поднесе, а тоа го сторил со поднесувањето на Предлогот за повторување на постапката и тоа пред истекот на рокот од 30 дена.

Значи, неспорно е дека овој доказ (доставен како доказ-јавна исправа во смисла на член 215 од ЗПП, а не како вештачење во тој парничен предмет) ниту бил употребен, ниту бил ценет од ниту еден суд во претходната постапка.

Потполно се невистинити наводите на противникот-тужителот за тоа дека наводно, **Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015** изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења, **не содржи нови факти** врз основа на кои, во смисла на член 392 ст. т.9 од ЗПП, може да се бара повторување на правосилна завршена постапка.

На овие околности, предлагачот-тужениот истакна детални образложени наводи во бројните писмени поднесоци и усмено на записник пред судот, а и самиот првостепен суд, постапувајќи во целост токму по напатствијата на Апелациониот суд во Скопје, во обжаленото решение (особено на страна 7) дава детални и образложени причини за тоа, кои нови факти се содржани во овој нов доказ, врз основа на кои за предлагачот-тужениот можела да биде донесена поповолна одлука доколку тие факти и докази биле употребени во поранешната постапка.

Пред се, со овој нов доказ – јавна исправа, се докажува дека опремата за која со претходната правосилна пресуда се утврдува дека ја платил тужителот, всушност во целост била исплатена од страна на тужените друштва; дека писмата од странските фирми врз основа на кои се базира Извештајот за констатирана состојба не можат да претставуваат доказ за извршена уплата; дека ниту еден од износите наведени во извештајот за констатирана состојба не е поврзан и не произлегува од Договорот за деловно техничка и финансиска соработка склучен помеѓу тужителот Втулкин и физичкото лице Ристе Љуботенски и сл.

Поконкретно, како поткрепа на неоснованата теза дека новиот доказ не содржи нови факти, во жалбата се прави споредба помеѓу, од една страна **Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015** изработен на 09.07.2015 година **од страна на Бирото за судски вештачења**, со од друга страна - **Вештиот наод и мислење на вештото лице Јанка Димитрова** од 12.11.2013 година, како и со наводите содржани во **Извештајот за констатирана состојба** 247/13 од 10.10.2013 година изработен од книговотствено биро - Компанија НМ (кој е нарачан и гласи За: Владислав Втулкин, а не за судот или по налог на судот, како што погрешно и невистинито ни прикажува противникот-тужителот).

Притоа, вадејќи само неколку секвенци-реченици од наведените вештачења и Извештајот за констатирана состојба, противникот-тужител, се обидува да прикаже сосема погрешна слика дека во сите наведени докази се утврдувани исти факти, односно, како што се наведува во жалбата, станувало збор за различна оцена на истите писмени докази по однос на исти факти.

Меѓутоа, вистината е сосема поинаква.

Во Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен од страна на Бирото за судски вештачења **СЕ СОДРЖАНИ ПОВЕЌЕ ФАКТИ КОИ ВООПШТО НЕ СЕ СОДРЖАНИ ВО ДРУГИТЕ ДОКАЗИ**, односно во Вештиот наод и мислење од вештото лице Јанка Димитрова и Извештајот за констатирана состојба. Значи, станува збор за сосема нови факти кои никогаш не биле изведувани и утврдувани во претходната постапка, а укажуваат на сосема поинаква фактичка состојба и несомнено можат да иницираат донесување на сосема поинаква одлука, поповолна за тужените друштва, односно за предлагачот.

Имено:

-**Извештајот за констатирана состојба 247/13 од 10.10.2013 година од Компанија НМ:** изработен по барање на тужителот, е доставен со тужбата, врз основа на селективно избрана документација и во истиот се содржани констатации по неколку прашања поставени од страна на тужителот. Во овој Извештај, **се утврдувани факти само на околноста дали тужителот Втулкин**

имал свои лични уплати во двете тужени друштва во купување на опрема и машини и колку изнесуваат таквите наводни лични вложувања !!!

Врз основа на обични **писма** од фирмите Фимер од Италија, ПИМ од Бугарија и Делла Тоффола од Италија, кои невистинито се прикажуваат како Потврди, за тоа дека наводно тужителот Втулкин извршил лични уплати за набавка на опрема и машини од овие странски фирми во корист на туженитe како правни лица. Притоа, се додаваат и аванси за купување на вино од огромен број странски правни лица, па и тие се прикажуваат како лични уплати на тужителот, што е секако небулозно.

Тужителот во самата тужба наведе дека овој Извештај не претставува вешт наод и мислење и дека во следниот период ќе побара да биде извршено и вештачење на овие околности, но такво вештачење никогаш не беше направено, а тужителот се обиде Извештајот за констатирана состојба да го прикаже како вештачење.

Меѓутоа, тужителот упорно избегнува да каже дека во тој Извештај за констатирана состојба, самиот составувач, на последната страна, **СЕ ОГРАДУВА од напишаните констатации**, па во последниот пасус самиот наведува: "На база на сето горенаведеното вложувањата на база на приложените докази изнесуваат 1.915.458 евра, но за да се утврди точниот износ на вложувањата **потребно е да се изврши детална финансиска анализа со која ќе се утврди**:

1. Износот на вложувањата на г-дин Владислав Втулкин
2. Начинот на преносот на основните средства од ИМАКО доо Штип во ИМАКО ВИНО доо Штип
3. Начинот на зголемување на основната главнина во ИМАКО ВИНО Доо Штип
4. Вкупниот надомест на штета што треба да се надомести на г-дин Владислав Втулкин по основ на вложување и изгубена добивка што не може да влезе во друштвото како содружник и да работи."

Значи, самата Компанија НМ која го изготвила Извештајот за констатирана состојба, потврдува дека овој износ е само претпоставка, паушално наведен, па самите укажуваат на потребата да се изврши детална финансиска анализа, за да се даде одговор на наведените клучни прашања за тоа дали постојат финансиски вложувања на тужителот, дали постои зголемување на основна главнина и сл. Но, ваква детална анализа е направена токму со вештачењето кое го извршиле вештите лица од Бирото за судски вештачења, кои дале детално и прецизно мислење, односно утврдиле сосема поинакви факти и фактичка состојба од она што е содржано во Извештајот за констатирана состојба, а тие факти претставуваат сосема нови факти.

- **Вештиот наод и мислење на вештото лице Јанка Димитрова од 12.11.2013 година**: е направен по барање на туженитe и доставен со Одговорот на тужба, **на речиси истите околности и на истите прашања и факти содржани во Извештајот доставен од тужителот**, па врз основа на детална анализа на доставената документација, вештото лице утврдува сосема поинаква фактичка состојба. Поконкретно, утврдува дека дека единствена лична уплата на тужителот Втулкин во туженото друштво ИМАКО Штип, претставува износот од 2475 евра, уплатени по основ на зголемување на основната главнина. Воедно, утврдува дека согласно извозните царински декларации, извршени банкарски уплати и друга документација, примач и купувач, односно сопственик на опремата од наведените странски фирми Фимер, ПИМ и Делла Тоффола, е ИМАКО ДОО ШТИП. Меѓутоа, ниту со ова вештачење не се утврдувани фактите кои се вештачени од страна на Бирото за судски вештачења.

- **Вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења:** не е изведен по предлог на ниту една од странките во парничната постапка, туку по барање на ОЈО Штип, токму по поднесена Кривична пријава од тужителот против сопственикот на туженото друштво Ристе Љуботенски, од истите причини и основи кои се предмет и на парничната постапка. Во ова вештачење, три искусни вешти лица (врвни експерти во таа област), вршат целосен увид на целокупната документација со која располагале двете правни лица,

па на **поставени прашања од ОЈО даваат наод и мислење, кои содржат сосема поинакви и нови факти, кои никогаш не биле изведувани и утврдувани претходно во парничната постапка.**

Разликата помеѓу ова вештачење и Изводот за констатирана состојба односно Наодот и мислењето од вештото лице Јанка Димитровска, пред се, се состои во тоа што, **во ова вештачење** се прави детална и целосна анализа на сите извршени плаќања **ОД АСПЕКТ НА склученият Договор за деловно техничка и финансиска соработка помеѓу тужителот и Ристе Љуботенски,** со оглед на тоа што и парничната постапка, но и кривичната постапка во која е направено ова вештачење, се однесува токму на исполнување на обврските утврдени во тој договор. Значи, не од аспект на тоа дали тужителот Втулкин вршел лични уплати, туку дали имало било какви уплати или вложувања по основ на склученият Договор за деловно техничка и финансиска соработка, дали станува збор за зголемување на основната главнина и сл.

Така, одговарајќи на поставени прашања од ОЈО, се утврдуваат **следните факти кои не биле изведувани или утврдувани во парничната постапка**:

-На страна 21/28 , во одговор на прашањето под точка 1, во вториот пасус, вештите лица утврдуваат: по овој основ (Договорот за деловно техничка и финансиска соработка) лицето Владислав Втулкин според доказите кои се доставени на вештачењето, нема извршено уплата. Исто така, во овој Договор не е предвидена висината на средствата кои треба да се уплатат.

-На страна 22/28, во одговор на прашањето под точка 3 во последната реченица вештите лица утврдуваат: Во однос на плаќањата на опремата на ПИМ Бугарија од страна на оштетениот Владислав Втулкин, на вештачењето беа побарани банкарски изводи за извршени плаќања. Таква документација не беше доставена на увид.Тоа значи дека на тужителот му биле дадени сите можности да достави финансиска документација за извршени уплати за вложување по основ на Договорот, но такви докази тужителот никогаш не достави, затоа што такви докази не постојат.

-На страна 23/28 , во одговор на прашањето под точка 4, во последната реченица вештите лица утврдуваат: Доставените Дописи од ПИМ Хасково Бугарија не претставуваат финансиски докази за плаќање.

-На страна 23/28 , во одговор на прашањето под точка 5, во вториот пасус вештите лица утврдуваат: Во потврдата која е издадена од ДЕЛЛА ТОФОЛА на 19.11.2007 година за Владислав Втулкин е наведено дека со тој документ Делла Тофола потврдува банкарски трансфери извршени од Владислав Втулкин во вкупен износ од 797.153 евра. Но, Банкарски изводи за овие трансфери не се се доставени на увид, како би можело да се утврди дали навистина овие средства се исплатени кон Дела Тофола.

-На страна 23 и 24/28 , во одговор на прашањето под точка 5, во третиот пасус вештите лица утврдуваат: На вештачењето од страна на Ристе Љуботенски е доставен допис од Дела Тофола Италија со датум од 20.01.2015 година и со наслов До сите заинтересирани страни, во кој е наведено дека според сметководството на Дела Тофола на ден 20.01.2015 година нема побарувања од купувачите Винарија Имако Вино ДООЕЛ и Имако ДОО и дека **во нивна корист никогаш нема примено трансфер или пари од индивидуални лица** .

-На страна 26/28 , во одговор на прашањето под точка 7, во вториот пасус вештите лица утврдуваат: Освен уиплатениот износ од 2.475 евра на сметката на Имако ДООЕЛ Штип од страна на лицето Владислав Втулкин со опис трансакција Зголемување на оснивачки влог по Одлука од 18.11.2004 година, **докази за други вложувања во друштвото во значителен обем според доставената документација не се евидентирани, па поради тоа не постои обврска за зголемување на основната главнина на Имако ДОО Штип** .

Следната суштествена разлика се состои во тоа што, со ова вештачење, со целосно почитување на начелото за еднаквост на оружјата (еднакви права на сите странки во постапката) им била дадена можност на сите странки да ги истакнат своите аргументи и да достават документација во поткрепа на своите аргументи.

Повторно напоменувам дека наведените клучни и суштествени факти, кои со сигурност **би довеле до поинакво утврдување на фактичката состојба и поповолна пресуда за туженио-тсега предлагачот**, никогаш не биле истакнувани и изведувани во парничната постапка. Суштината се состои во тоа што, за разлика од Извештајот и Вештачењето од Јанка Димитровска во кои се утврдува дали има и колкави **лични** плаќања од тужителот Втулкин, во ова вештачење се утврдува **дали има вложувања по основ на Договорот за деловно техничка и финансиска соработка**, бидејќи само такви евентуални вложувања би биле релевантни за парничната постапка. Дотолку повеќе што, хипотетички, тужителот Втулкин можеби навистина купувал опрема од наведените фирми во износите наведени во нивните писма, но тоа доколку воопшто е вистина (бидејќи е целосно контрадикторно со писмата од истите фирми кои подоцна ги доставуваат до Ристе Љуботенски), би можело да значи дека купувал опрема за други негови фирми и винарии, бидејќи и тужителот Втулкин се занимавал со истиот бизнис како и тужените. Но, за парничниот предмет единствено е релевантно дали вршел вложувања по основ на Договорот за деловно техничка и финансиска соработка, а не по било какви други основи.

Но, такви вложувања тужителот никогаш не извршил, ниту пак пријавил кај надлежните органи во Р. Македонија, што бил должен да го стори доколку навистина постоеле некакви странски вложувања, бидејќи согласно Законот за девизно работење (член 8 и член 28) **единствен валиден доказ за реализација на странска инвестиција во пари или било каков друг трансфер на пари од нерезидент мора да биде извршен преку банка, на пропишани обрасци од НБРМ за што се издава и потврда за извршената инвестиција во Република Македонија.** Но, не постои ниту еден единствен валиден доказ за реализација на било каква инвестиција односно вложување од тужителот Втулкин како нерезидент по основ на реализација на капитална инвестиција кај тужените друштва. Воедно, со оглед на тоа што во НБРМ не е пријавена и евидентирана било каква странска инвестиција или вложување од тужителот Втулкин како нерезидент, не постои ниту законска можност досудените пари да бидат префрлени на било која негова сметка во странство што значи дека претходната правосилна пресуда е неизвршлива.

Воедно, тужителот пред судот лично изјави дека сите уплати ги вршел лично како физичко лице во врска со наведениот договор, а плаќањето го вршел преку банка. **Но, невозможно е некој да плаќал преку банка износ од 2 милиони евра, а за тоа да не поседува никаков доказ од банка како девизен налог или банкарски извод за извршено плаќање. Ако доказите ги изгубил, секогаш може да ги побара во банката**.

Напоменувам дека овие нови факти кои постоеле во времето на пресудувањето односно донесувањето на правосилната пресуда, но предлагачот-туженио во никој случај не можел да ги знае и да ги истакне, бидејќи после поднесувањето на тужбата, тужителот поднел и Кривична пријава, а токму за потребите на вештачењето од страна на Бирото за судски вештачења, **тужените Друштва ја предале целокупната документација-во оригинал на вештите лица од на Бирото за судски вештачења. Истата на тужените им била вратена дури после завршувањето на истрагата (и тоа со доставеното Решение со кое се отфрла кривичната пријава поднесена од Владислав Михаилович Втулкин од Москва против Ристе Љуботенски и Верица Љуботенска, донесено од ОЈО Штип во предметот КО.бр.255/13-III од 15.09.2016 година,) во периодот кога веќе била правосилно завршена и парничната постапка**.

Во контекст на досегашните наводи, Основниот суд во Штип, во обжаленото решение, на повеќе места а особено на **страна 7 од Решението**, правилно утврдил дека:

"Од увидот во предложениот доказ – вештиот наод и мислење СВ I 32/2015 изработен на 09.07.2015 година од страна на Бирото за судски вештачења а по наредба на ОЈО Штип за потребите по предметот КО бр. 255/13, судот утврди дека со ова вештачење се утврдувани факти и околности поврзани по однос на склучениот Договор за деловно техничка и финансиска соработка помеѓу тужителот и Ристе Љуботенски односно дали е испочитувана обврската за вложување – инвестирање во опрема, средства и капитал, во кој обем и на кој

начин е направено сето тоа од сега тужителот, факти и околности по однос на деловната соработка на друштвата сега тужените со фирмата ПИМ Хасково од Бугарија во период сметано од 2003 година до 2008 година, на кој начин е вршено плаќањето на опремата, колкав износ на парични средства имаат плаќано овие две друштва на оваа фирма и по кои фактури за набавка на опрема за потребите на друштвата, дали оваа опрема е испорачана, кога и во кое друштво и врз основа на кое задолжување – фактура, со посебен осврт на доставеното известување Соопштение од ПИМ БУГАРИЈА. Во овој вешт наод и мислење е констатирана фактичка состојба и врз основа на фактичката состојба е даден наод и мислење со кое е утврдено дека во однос на начинот на набавка на опрема доставени се фактури и увозни царински декларации, а во однос на извршените плаќања за набавка на опрема, според книговодствената евиденција на Имако Штип биле извршени плаќања кон ПИМ Бугарија во вкупен износ од 64.154.197,00 денари и Дела Тофола Италија во вкупен износ од 16.573.976,00 денари, а плаќање за набавка на опрема од винарска Визба Имако Вино ДООЕЛ Штип кон ПИМ Бугарија нема евидентирано во аналитичко конто за овој добавувач и нема евидентирано плаќање и за добавувач Дела Тофола Италија. Во наодот и мислењето е констатирано дека според книговодствената евиденција на Имако Штип вкупниот износ на евидентирани плаќања кон ПИМ Бугарија изнесува 61.154.197,00 денари или околу 999.000,00 евра. Во вештиот наод и мислење е утврдено дека доставените дописи од ПИМ Бугарија не претставуваат финансиски докази за плаќање. Во наодот и мислењето е наведено дека во однос на плаќањето на опремата на ПИМ Бугарија од страна на оштетениот Владислав Втулкин на вештачењето биле побарани банкарски изводи за извршени плаќања. Таква документација не била доставена на увид. Плаќањето за фактурите било извршено од страна на девизни сметки на Имако Штип. Во вештиот наод и мислење е утврдено дека дописите доставени од Дела Тофоло до Владислав Втулкин и до Имако Штип не се релевантен доказ од кој може да се констатира плаќање.... “

Овој предмет навистина немаше да се води 10 години, немаше да трае ниту 10 дена, доколку тужителот доставеше макар еден единствен веродостоен доказ или финансиски документ од банка или друга финансиска институција, дека навистина тој го платил наведениот износ од 1.915.158,00 евра за купување на машините и опремата, со цел исполнување на неговите обврски од Договорот за деловно-техничка и финансиска соработка.

Од сите горенаведени причини, туженият единствено бара од судовите, да му биде овозможено основното право загарантирано со уставот, законите и меѓународните декларации, во неговата сопствена држава, да добие можност за праведно и правично судење, односно можност во законита постапка, водена од непристрасни судии, по изведувањето на сите релевантни докази, судот правилно да ја утврди фактичката состојба и да донесе правилна, законита и праведна одлука.

Во контекст на досегашните наводи, му предлагам на Апелациониот суд Скопје, да ја одбие жалбата на тужителот во целост како неоснована, да го потврди Решението на Основниот суд Штип, ППОВ.бр.2/24 од 28.05.2024 година и да го задолжи тужителот да му ги надомести на туженият трошоците во постапката и тоа предјавените со Трошковник од 28.05.2024 година, на износ од 825.592,00 денари, како и трошоците во второстепената постапка и тоа за состав на овој одговор на жалба согласно АТ со зголемување за 18% ДДВ и за учество на странско лице во постапката износ од 82.836,00 денари и за судска такса за овој одговор на жалба 24.000,00 денари.

Скопје,

28.06.2024 год.

За предлагачот - тужен,

Полном. Адв. Гоце Цоневски

АДВОКАТ
ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ
ул. "Васил Главинов" бр.76-1/1

ПОТВРДА ЗА ПРИЕМ НА ПРАТКА

(ПОПОЛНУВА ИСПРАЌАЧОТ)

ИСПРАЌАЧ: ВИНАРСКА ВИЗБА ИЛИНДЕН
ВОВЕЛ СКОПЈЕ ПРЕКУ ЛОЗЈЕ. ЛОЗЈЕ
ГОЦЕ ДЕЛЧЕВСКИ УЛ. ВАСКО ГРАБУЛОВ
75 1/1 СКОПЈЕ

ПРИМАЧ:
ОСНОВЕН СУД ШТИП

2000 ШТИП
01/07/2024 1106 Скопје 6 1049 46
ПОШТЕНСКИ БРОЈ (ОДРЕДИШНА ПОШТА)

R RC090222326MK
ПРИЕМЕН БРОЈ:

МАСА: 65 гр

ПОШТАРИНА: ***102,00

ПОСЕБНИ УСЛУГИ (НЕПОТРЕБНОТО ДА СЕ ПРЕЦРТА)

ОТКУПНИНА	ИТНО	СО АВИОН
ДЕН.		
ВРЕДНОСТ	СО ПОВРАТНИЦА	
ДЕН.		

„Потврдувам дека е означена вистинската вредност на пратката"

ОБР. П-2 Потпис на испраќачот _____